МАКЕДОНСКИ ЦЕНТАР ЗА
МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА
МЦМС

МАКЕДОНСКИ ИНСТИТУТ ЗА МЕДИУМИ

IDSCS | Институт за демократија Социетас цивилис - Скопје

# Интеграцијата во ЕУ и во НАТО во изборните програми

*Анализа на изборните програми на политичките партии*

**Издавачи**
Македонски центар за меѓународна соработка (МЦМС)
Институт за демократија Социетас Цивилис – Скопје (ИДСЦС)
Македонски институт за медиуми (МИМ)

**За издавачите**
Сашо Клековски, прв извршен директор на МЦМС
Александар Кржаловски, извршен директор на МЦМС
Владимир Мисев, претседател на ИДСЦС
Билјана Петковска, извршен директор на МИМ

**Автор**
**Марија Теговска, ИДСЦС**
**Ивана Петкуќеска, ИДСЦС**

**Подготовка**
**Ивана Петкуќеска, ИДСЦС**

Мислењата што се изразени овде им припаѓаат на авторите и не ги одразуваат ставовите на издавачите или донаторите на овој извештај.

**МЦМС, ИДСЦС, МИМ**
Сите права се задржани, репродуцирањето, копирањето, трансмисијата или преводот на кој било дел од оваа публикација може да се изврши единствено под следните услови: со претходна дозвола на издавачите, заради цитирање во анализа на книгата и под услови изложени во продолжение.

Авторското право на оваа публикација е заштитено, но публикацијата може да се репродуцира на кој било начин и без наплата за едукативни намени. За копирањето во други услови, за употреба во други публикации или пак за превод или адаптација, треба да се обезбеди претходна дозвола од издавачите.

## Содржина

Листа на кратенки ........................................................................ 2

Вовед ........................................................................ 3

Општи информации за програмите ........................................................................ 4

Како и колку се спомнува европската интеграција и влезот во НАТО ........................................ 5

Понуда и предлози за Европска интеграција и влез во НАТО ........................................ 6

Подобрување на правната рамка ........................................................................ 6

Државни политики ........................................................................ 7

Заклучоци ........................................................................ 9

Прилог 1. Веб-страници на кои се објавени програмите ........................................ 10

## Листа на кратенки

| | |
|---|---|
| ВМРО-ДПМНЕ | ВМРО - Демократска партија за македонско национално единство |
| ДД | Демократска десница |
| ДПА | Демократска партија на Албанците |
| ДУИ | Демократска унија за интеграција |
| СДУ | Социјал демократска унија |
| ЛДП | Либерал демократска партија |
| НД | Нова демократија |
| НДП | Национална демократска преобразба |
| НДУ | Национална демократска унија |
| ПОДЕМ | Партија на обединети демократи на Македонија |
| ОМ | Обединети за Македонија |
| СДСМ | Социјалдемократски сојуз на Македонија |
| | |
| ЕУ | Европска Унија |
| НАТО | Северноатлантска алијанса |

## ВОВЕД

Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС), Институтот за демократија Социетас цивилис - Скопје (ИДСЦС) и Македонскиот институт за медиуми (МИМ) во април 2011 г. започнаа повеќе заеднички активности за вонредните парламентарни избори во рамките на интегрираната платформа Мојот избор 2011. Активностите вклучуваат испитување на јавното мислење, набљудување на изборните програми и кампањи, на медиумите, на изборната администрација и на денот на гласањето.

Во овој извештај е презентирана **квантитативна и квалитативна анализа на програмите на политичките партии за вонредните парламентарни избори во 2011 г.** од аспект на предлози и решенија за интеграцијата на Република Македонија во Европската Унија и Северноатлантската алијанса.

Во анализата се вклучени **програмите на оние политички партии кои доставиле или објавиле програма за изборите**. Програмите на политичките партии кои беа доставени или објавени на албански јазик, беа преведени на македонски јазик и потоа анализирани.

Со овој извештај се земени предвид деловите од програмите на политичките партии кои се однесуваат на предложени политики во областа на европската интеграција и влезот во НАТО.

Во овој документ се претставени резултатите од спроведената анализа и заклучоците кои произлегуваат од неа. Дел од резултатите од квантитативната анализа се претставени графички преку графикони и/или табели, а се користат и апсолутни бројки и проценти.

## Општи информации за програмите

За вонредните парламентарни избори во 2011 година, најголем дел (15 или 83 %) од политичките партии/коалиции кои се натпреваруваат за власт објавија/понудија (изборни) програми. Програмите се разликуваат како во содржината, така и во обемот.

**Табела 1: Преглед на политичките партии* кои доставиле/објавиле програма за парламентарните избори 2011 (по редослед во избирачко ливче)**

| Политичка партија | Веб-страница | Година | Јазик | Бр. на стр. |
|---|---|---|---|---|
| Демокрациа е ре – Партија за нова демократија | да | - | Албански | 29 |
| Партија на обединети демократи за Македонија (ПОДЕМ) | да | 2011 | Македонски | 50 |
| Социјалдемократска унија (СДУ) | да | 2011 | Македонски | 48 |
| Демократска унија на Албанците (ДУА) | да | 03/2011 | Албански | 48 |
| ВМРО- Демократска партија за македонско национално единство (ВМРО-ДПМНЕ ) | да | 2011 | Македонски | 284 |
| Демократска унија за интеграција (ДУИ) | да | 12/2009 | Албански | 87 |
| Демократска партија на Албанците (ДПА) | да | 06/2009 | Албански | 13 |
| Социјалдемократски сојуз на Македонија (СДСМ) | да | 2011 | Македонски | 139 |
| Национална демократска унија (НДУ) | не | 2011 | Албански | 4 |
| Либерално – демократска партија (ЛДП) | да | 2011 | Македонски | 122 |
| Политичка партија Демократска десница | да | 2011 | Македонски | 40 |
| Европска партија на Македонија | да | 2011 | Македонски | 9 |
| Партија за демократски просперитет (ПДП) | не | 2011 | Албански | 9 |
| Национална демократска преродба (НДП) | да | - | Албански | 10 |
| Обединети за Македонија (ОМ) | да | 2011 | Македонски | 64 |

*Врски до програмите на политичките партии се дадени во прилог 1, а истите може да се најдат и на www.mojotizbor.mk.

ВМРО - Народна партија (ВМРО-НП), Политичка партија Достоинство (ППД) и Социјалдемократска партија на Македонија (СДПМ) не доставија и немаат објавено изборни програми на нивните веб-страници.

## Како и колку се спомнува европската интеграција и влезот во НАТО

Со исклучок на ДПА, сите останати политички партии, како од македонскиот така и од албанскиот блок, без разлика на големината, во своите програми го разгледуваат прашањето во однос на европската интеграција и влезот во НАТО како еден од приоритетите.

СДСМ и ВМРО-ДПМНЕ, ЕУ и НАТО ги сметаат за врвен приоритет односно главна надворешно-политичка цел. Поради тоа, нивните програми содржат конкретни мерки со кои би ја приближиле Република Македонија во ЕУ и НАТО. И двете партии сметаат дека спорот со името е клучниот проблем кој стои на патот на интеграцијата.

ЕУ и НАТО се спомнуваат и во програмите на помалите политички партии, со тоа што некои од нив, односно ЛДП обрнуваат најголемо внимание на конкретни внатрешни реформи со цел европска интеграција, додека ОМ и СДУ ја акцентираат безбедносната политика, а со тоа и членството во НАТО. Во контекст на ЕУ и НАТО, ПОДЕМ ја нагласуваат потребата од информираност на граѓаните за процесите, додека Демократска десница своето внимание го фокусира на македонската дијаспора, со што таа добива повеќе значење од интеграциите.

Сите партии од албанскиот политички блок, освен ДПА, во своите програми обрнуваат внимание на НАТО и ЕУ. Според програмата на Демокрација е ре, НДП и НДУ, европската интеграција и влезот во НАТО се една од главните цели на овие партии. Разгледувајќи го ова прашање, ДУИ се обраќаат единствено на албанската заедница и нивната застапеност во безбедносните структури, притоа акцентирајќи ја важноста на партнерството со Соединетите Американски Држави (САД) во овој процес.

Предлозите и мерките главно се однесуваат на внатрешни реформи кои се проценети од страна на европската заедница како проблематични и кои треба да се унапредат со цел натамошна интеграција. Тие сфери се: судство, инвестиции, административна и институционална рамка итн.

**Табела 2: Посветени посебни делови од програмата и конкретни мерки**

| Политичка партија | Посебен дел и наслов | Конкретни предлози и мерки |
|---|---|---|
| ПОДЕМ | Македонија стабилна, интегрирана и почитувана- евроатлантски интеграции – стабилна и интегрирана држава | Да |
| Демокрациа е ре | Надворешна политика – Интеграциските приоритети НАТО, ЕУ и надворешната политика | Не |
| СДУ | Безбедност- Република Македонија во НАТО; Република Македонија во ЕУ | Да |
| ВМРО-ДПМНЕ | Надворешни работи, европски и евроатлански интеграции | Да |
| ДУИ | НАТО гаранција за безбедност, стабилност и одржлив мир/ Интеграциите – наша стратешка цел | Не |
| СДСМ | Идентитет и достоинство – Република Македонија и ЕУ; Одбрана и НАТО интеграции | Да |
| ЛДП | Демократска ревитализација на земјата – Европска интеграција | Да |
| ОМ | Надворешна политика | Не |
| ДД | Надворешна политика – НАТО и европски интеграции | Не |
| НДП | Евроинтеграции и меѓународна соработка | Не |
| НДУ | Евроатлантски интеграции | Не |
| ДПА | / | Не |

## Понуда и предлози за Европска интеграција и влез во НАТО

Генерално постои согласност помеѓу сите политички партии, без разлика на големината и на етничката заедница на која се обраќаат, дека влезот во НАТО и ЕУ претставува врвен приоритет и стратешка цел за натамошен развој на Република Македонија. Дел од партиите само го констатираат истото, додека дел нудат конкретни предлози и мерки.

### Подобрување на правната рамка

Од сите политички партии кои нудат изборна програма, во пет се спомнува подобрување или надградба на законската рамка, како и натамошно усогласување на истата со европската легислатива. Истовремено, се иницираат промени во постоечки закони (СДСМ) и регулативи (ЛДП).

**Табела 3: Предлози во изборните програми за подобрување/надградба на правната рамка**

| Пол. партија | Предлози/заложби |
|---|---|
| ПОДЕМ | - Максимално го поддржува постепеното усвојување на acquis communautaire во правниот систем на Република Македонија, бидејќи смета дека на тој начин ќе се постигне целосна компатибилност со правилата и прописите кои важат во ЕУ (стр. 37) |
| СДСМ | - Измена на Законот за служба во правец на добивање повеќе социјални придобивки на воените лица, вклучително и професионалните војници, кои заминуваат во мисии согласно армиите на другите земји-членки во НАТО (стр. 134) |
| СДУ | -Интензивен процес на усогласување на македонското законодавство со законодавството на ЕУ (стр. 11) |
| ВМРО ДПМНЕ | -Усвојување на законодавството на ЕУ и негово имплементирање кое е потребно не само како критериум за членство во ЕУ туку и за приближување на европските стандарди и вредности во насока на подобрување на животот на македонските граѓани (стр. 191) |
| ЛДП | -ЛДП ќе иницира измени во регулативата кои ќе повлечат автоматско барање одговорност од секој политички и административен раководител на која било институција што нема да успее да повлече најмалку 95% од средствата кои што и стојат на располагање од европските претпристапни фондови. (стр. 116) |
| НДУ | -Административните реформи и усогласувањето на постоечката легислатива со легислативата на ЕУ ќе бидат главни области за кои ќе се залага НДУ |

## Државни политики

Во програмата на само 5 политички партии се предвидени државни политики кои се во правец на интегрирањето на Република Македонија во ЕУ и НАТО. Има разлики во понудените мерки, дел од партиите имаат поконкретни мерки за разлика од други. Тоа што е единствено кај сите партии и тоа што државните политики кои се планираат да се преземат се во областите кои се лоцирани како проблем од страна на Европската Унија и чие решавање ја доближува Македонија до стандардите на ЕУ и НАТО.

**Табела 4: Предлози /предвидени активности во изборните програми**

| Пол. партија | Предлози/заложби |
|---|---|
| СДУ | - Враќање на одбранбениот буџет на ниво над 2 % од БДП<br>-Соодветно опремување и модернизација на Армијата на Република Македонија<br>- Продолжување на реформите во одбранбениот сектор<br>- Решавање на статусот на припадниците на Армијата на Република Македонија<br>-Поставување на стручни кадри во областа на одбраната кои соодветно ќе работат на процесот на интеграција на РМ во НАТО<br>- Продолжување со високиот придонес во мировните операции<br>- Реформа на резервниот состав<br>- Реформа на вое映ното разузнавање<br>-Соодветно спроведување на политиката за еднаква и рамномерна застапеност на етничките заедници<br>- Интеграција на Министерството за одбрана и Генералштабот на АРМ<br>-Рестартирање на воената индустрија<br>- Имплементирање на стандардите и политиките од Новиот Стратешки Концепт на НАТО 2010 година<br>- Поставување на стручен кадар кој посветено и со визија ќе работи на членството на Македонија во ЕУ и ќе покаже капацитет, одговорност и отчетност пред граѓаните и пред ЕУ |
| ВМРО-ДПМНЕ | -Продолжување на темелните реформи во судството и во администрацијата;<br>-Одржување и унапредување на исполнетоста на европските политички критериуми;<br>- Понатамошни економски реформи согласно со европските стандарди со цел да се обезбеди оценката на ЕК за функционална пазарна економија;<br>- Понатамошни реформи за конкурентноста на македонското стопанство во однос на внатрешниот пазар на ЕУ;<br>- Одржување на степенот на целосната примена на Спогодбата за стабилизација и асоцијација (ССА);<br>- Заедничка соработка со ЕК за влегувањето на ССА во втората фаза;<br>- Заедничка соработка со ЕК за акредитација на националните институции на Република Македонија за целосно пренесување на надлежноста за управување со средствата од ИПА и во последната од петте компоненти од овој инструмент;<br>- Натамошно зајакнување на човечките капацитети на Мисијата при ЕУ во Брисел.<br>-Проекти: Е-дијаспора; Учиме за ИПАРД; Ало ЕУ; Дипломатска Академија; Регионални форуми; Далеку, а блиску; Форум на македонски експерти во странство; Учиме за Европа без граници; Македонско лоби во ЕУ |
| СДСМ | -За македонската дипломатија: Почитување на системот на кариера и напредок во службата. Поставување на искусен и професионален, а не партиски кадар на клучните позиции во Министерството. Реорганизација на дипломатско-конзуларната мрежа и економската дипломатија согласно вистинските потреби, приоритети и економскиот интерес на Република Македонија<br>-Новата Влада, во функција на поуспешна економска дипломатија, ќе ги инволвира и недржавните актери: бизнис-здруженија, асоцијации на индустријата и на коморите, финансискиот сектор, бизнис-едукативните институции и think-tanks, туристичката индустрија и сл.<br>-Повторно ќе ги формираме тимовите со кои го стекнавме кандидатскиот статус, што ќе бидат составени од: стручни лица од администрацијата, НВО-секторот, универзитетите, коморите и другите професионални здруженија.<br>-Новата Влада дополнително ќе ги фокусира своите политики кон Европскиот совет и кон земјите-членки на Унијата, бидејќи клучната инстанца за влез на Република Македонија во ЕУ е токму Европскиот совет. |

| | |
|---|---|
| | -Новата Влада ќе ги започне преговорите за членство во ЕУ. Новата Влада ќе реализира една милијарда евра од фондовите на ЕУ за економијата, општините, НВО-секторот, земјоделците, невработените, студентите и сите останати групи граѓани.<br>- Имаме дециден став за доделување буџетски средства за потребите на одбраната во висина од 2.3% до 2.6% од БНП. Нашата тенденција за поделба на буџетските категории ќе биде: 40% за персонал, 30% за операции, обука и одржување и 30% за опремување и модернизација на АРМ. |
| ЛДП | - за 40 месеци ќе биде заокружена правната, институционалната и административната рамка на неопходните внатрешни реформи за полноправно членство во ЕУ<br>-Во делот на користењето на претпристапните фондови, ЛДП се обврзува дека нашата влада ќе искористи најмалку 95% од средствата кои што и стојат на располагање на нашата држава<br>-Поставување на стручни кадри во областа на одбраната кои соодветно ќе работат на процесот на интеграција на РМ во НАТО.<br>- Реформа на резервниот состав.<br>- Реформа на военото разузнавање.<br>- Соодветно спроведување на политиката за еднаква и рамномерна застапеност на етничките заедници.<br>- Интеграција на Министерството за одбрана и Генералштабот на АРМ.<br>-Имплементирање на стандардите и политиките од Новиот Стратешки Концепт на НАТО 2010 година. |
| ПОДЕМ | -Масовно запознавање на граѓаните со процесот на европска интеграција<br>-Целосно кадровско екипирање на сите институции кои имаат непосредни или посредни ингеренции во процесот на европска интеграција со стручни и компетентни кадри. |

# Заклучоци

**1. Најголем дел од политичките партии ја вклучуваат во своите програми интеграцијата во ЕУ и влезот во НАТО.**

Со исклучок на ДПА, сите останати политички партии, како од македонскиот така и од албанскиот политички блок, на европската интеграција и на влезот во НАТО гледаат како на едно од најважните прашања за Република Македонија. Најмногу го спомнуваат ова прашање големите партии како СДСМ и ВМРО-ДПМНЕ.

**Поголем дел** од оние кои презентираа програми **имаат посветено посебен дел посветен на интеграцијата**. Останатите го имаат вметнато ова прашање во различните сектори како што се: Надворешна политика, Безбедност, Демократска ревитализација итн.

Во **пет од единаесет програми** се **нудат одредени конкретни мерки** за процесот на интеграција во ЕУ и НАТО. Останатите ги имаат презентирано нивните ставови и општи предлози за тоа што треба да се подобри во правец на интеграцијата. Предлозите и мерките главно спаѓаат во државни политики и унапредување и усогласување на правната рамка на Република Македонија со правната рамка на Европската Унија.

**2. Мал фокус на подобрувањето на правната рамка**

**Мал дел**, шест од единаесет, од политичките партии **спомнуваат подобрување или надградба на законската рамка** во смисла на интензивен процес на усогласување на македонското законодавство со законодавството на ЕУ.

3. **Државни политики**

**Поголем дел** од оние кои презентираа програми предвидуваат државни политики кои се во правец на промени кои ја доближуваат Македонија кон ЕУ и НАТО, но кога станува збор за конкретни мерки само 5 од сите политички партии кои понудиле предизборна програма нудат конкретни политики. Партиите кои предвидуваат конкретни државни политики се двете најголеми партии (СДСМ и ВМРО-ДПМНЕ), но и дел од помалите партии (ПОДЕМ, СДУ и ЛДП).

## Прилог 1. Веб-страници на кои се објавени програмите

| Подносител | Програма |
|---|---|
| Демокрациа е ре | http://www.demokraciaere.org/pod/docs/ProgramiDR_1.pdf |
| ПОДЕМ | http://podem.org.mk/PODEM_Docu/programa2011Podem.pdf |
| СДУ | http://www.sdu.org.mk/images/stories/dokimenti/izborna-programa-sdu.pdf.pdf |
| ДУА | http://bdsh.eu/docs/platforma.pdf |
| ВМРО-ДПМНЕ | http://vmro-dpmne.org.mk/Dokumenti/Manifest_za_reformi_i_razvoj.pdf |
| ДУИ | http://www.aliahmeti.org/dokumente/programi09.pdf |
| ДПА | http://www.gurra-pdsh.org/ |
| СДСМ | http://www.zatvojataidnina.mk/upload/pdf/Programa_SDSM_2011.pdf |
| ЛДП | http://ldp.org.mk/Dokumenti/LDPProgramaImaIzlez.pdf |
| Демократска десница | http://www.demokratskadesnica.org/programa.pdf |
| НДП | http://www.rdk.org.mk/index.php/programi |
| ОМ | http://www.obedinetizamakedonija.mk/File/OM%20-%20Izborna%20Programa%20-%202011.pdf |

На веб-страницата на интегрираната платформа за набљудување на вонредните парламентарни избори 2011: **www.mojotizbor.mk** може да се најдат сите доставени/објавени програми на политичките партии.